**Известување за концентрација со која Принжорн Холдинг ГмбХ, Австрија ќе стекне контрола над СФТ Груп, Русија.**

**(предмет бр. 08-56/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 29.05.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Принжорн Холдинг ГмбХ, друштво основано и организирано согласно законите на Австрија, со регистрирано седиште на Лембокгасе 21-25, 1230 Виена, Австрија ќе стекне контрола над СФТ Груп, со седиште на Трибниковскиј Переулок 13, Москва, 121069, Русија по пат на стекнување на удел.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**Принжорн Холдинг ГмбХе** врши производство на материјали од брановиден картон за кутии („картонски кутии"), плочи од брановиден картон и кутии од брановиден картон, собирање и снабдување со отпад од хартија.

Принжорн Холдинг ГмбХ нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Северна Македонија и е присутно на пазарот во Северна Македонија на производство на материјали од брановиден картон за кутии („картонски кутии"), плочи од брановиден картон и кутии од брановиден картон, собирање и снабдување со отпад од хартија само во незначителен обем.

**СФТ Груп** е приватна компанија чија приоритетна дејност е производство и набавка на плочи од брановиден картон и кутии (вклучувајќи но не ограничувајќи на рециклиранфлутинг (*fluting)* и тестлинер (*testliner*)), како и собирање и рециклирање на тврд отпад (вклучувајќи и хартија за рециклирање), во Руската Федерација, офсет печатењеи хартиена потрошувачка амбалажа.

СФТ Груп нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија, ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.06.2019 година
Скопје